АСПЕКТИ НА ЦРТЕЖОТ ВО МАКЕДОНИЈА

САЛОН НА МУЗЕЈОТ — ЃУРО САЛАЈ 34

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

АСПЕКТИ НА ЦРТЕЖОТ ВО МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ 6-XII — 20-XII-1967 ГОДИНА

Изложбата што под овој наслов Музејот на современа уметност ја предлага на нашата културна и уметничка јавност, е условена од неколку елементи.

Проучувањето на современата македонска ликовна уметност, одамна го наложи барањето за сериозен емпириски и теоретски приод кон феномените што се поврзани со неа. Еден од основните услови за доближување до таква состојба на односот кон нашето ликовно творештво, се настојувањата за кумулирање на секаков вид информации и документи: како резултат на барем основна стручна систематика во класифицирањето, претпазливост и строгост во изборот на репрезентативно — карактристични моменти, уметнички творби и сл. Од особена важност е ваква материја да стане пристапна за стручно — научна заинтересираност: за од неа, евентуално, да произлезат одделни теоретски проучувања и обопштувања во врска со сложената материја, каква што е современата македонска ликовна уметност. Ова е една од основните цели и на оваа изложба.

На изложбата е настојувано да се одберат оние секвенци од цртачкиот опус на одделни македонски уметници во кои тој се наоѓа во апогејна ситуација, во смисла на нивниот досегашен ликовен развој. Најстојувано е да се прикажат моменти на зрела цртачка ликовност, одбележена со барање на современ и во исто време уметнички индивидуализиран израз. Оттука — и поради редица технички и инцидентни причини, во изложбата не се опфатени извесни имиња чие присуство можеше да се очекува. Овој приказ, од друга страна, е само еден од циклусот што ќе биде посветен на цртежот во Македонија. Впрочем, да напоменам дека и досега, на неколку самостојни и групни изложби приредени од Музејот се прикажани цртежи создадени во нашиот ликовен амбиент.

Предимно свртена кон повоеното цртачко творештво кај нас, оваа изложба предлага само неколку цртежи од предходниот период; тие згорнично ја индицираат тогашната стилска ориентација на нивните творци и можат да послужат како споредбен материјал во однос на нивното натамошно творештво: за неговите естетско-стилски афинитети и уметнички домети, за неговите релации со генерациите родени во последните две децении.

Не навлегувајќи подлабоко назад во времето, лесно се уочува дека првите вистински пионери на „модерната" во Македонија воедно се и првите основачи на современиот македонски цртеж: оној што е суштински нов квалитет, нова историско-естетска и ликовна димензија во споредба со предходните векови и нивните епохални, социолошки и естетски граници. Таа наша најстара генерација делумно е застапена и на оваа изложба, со оние нејзини претставници за кои цртежот значеше подолготрајна, посуштинска ликовна преокупација, интегрален дел од нивното општо ликовно изразување. Веќе кај неа се уочува тој иманентно естетско-стилски паралелизам меѓу сликарското и скулптурското изразување на некој уметник и неговиот цртачки опус: еден белег што ќе остане трајно присустен и кај наредните генерации.

Најстарата наша генерација, цртежот го вклучи во свои самостојни и колективни истапувања или го одгледуваше во некои негови применети видови. Веќе пред војната беа уочени ликовните вредности на цртежот кај одделни наши уметници: Д. Тодоровски, В. Поповиќ-Цицо, а особено на Н. Мартиноски. За овој уметник веќе тогаш е речено дека неговиот цртеж е едно од најсериозните остварувања во таа дисциплина во југословенската уметност. Со тоа творбите на Мартиноски на оваа изложба претставуваат елемент за внатрешно поврзување на неколку генерации и уште една можност за естетска класификација и категоризација на цртежот во Македонија.

Цртежот кај **Мартиноски** е последица на еруптивна визуелна луцидност, на способноста да се продре во битната пластична оформеност на мотивот, да се екстрахира апстрактната графичка линеарност на предметот на цртежот: во која е содржана неговата суштинска естетска, поточно уметничка димензија. Оттука, цртежот кај Мартиноски се наложува, уште во најстарата негова творба на оваа изложба (од 1928), со едно чувство за целосност, за довршеност на уметничкото кажување. Цртежите на Мартиноски откриваат колку се тие сраснати со токовите на уметниковиот сликарски израз; и во нив постојано се остварува таква експресивност, низ која уметниковото внатрешно „јас" се искажува со немирна сила, го претвара цртежот, потегот на линијата во медиум за некаква непрекидна катарза; за ослободување на свеста и на она што тлее под неа во личноста на уметникот. Од формално-стилски аспекти, цртежот на Мартиноски скоро непрекидно и паралелно открива родственост, блискост со некои творби на европскиот експресионизам и со нашата средновековна уметност. Тие афинитети осцилираат од отворености за привлечноста на

Модилјановиот потег: полн со некаква медитеранска рафинираност, болезненост, суптилна меланхолија, деформација што се доближува до своевиден маниризам, па сè до достигнување остра уочливост и отвореност за поангажирана комуникација со мотивот, во која се преплетуваат моменти на различни емоционални состојби на уметникот: сочувство, иманентно човечко, за социјални и обични човечки проблеми на своите модели; возбуденост со драмата на човекот во вителот на природни катаклизми и лирски вознемирени, нагласено сензуални искажувања за животот, младоста, љубовта и тн. Тоа е искажано со вешта, проучена деформација, експресивна немирност и разбиеност на чистата, оголена и суптилна арабескна линија.

За **Димитар Аврамовски Пандилов** цртежот е, пред сè, делче од интимниот уметнички дневник: искажан со средствата на линијата, петното, светло-темното и тн. Понекогаш тој цртеж е студија на теми што уметникот ги обработува во своите слики и акварели. Тогаш ја содржи во себе атмосферата на неговите масла и акварели. Се чувствува во нив Пандиловата осцилација меѓу една ликовна нарација, што настојува до крај да го искаже визуелното во предметот на цртежот и импресионистичката постапка, што е основно фиксирање на даден миговен ефект-сензација од објективната стварност. Други цртежи на уметникот се оформени како брза, спонтана, во непосреден однос со предметот создадена цртачка белешка, обележена со некаква трепетна нежност; такви цртежи ја поседуваат лиричноста, флуидноста, суптилноста карактеристична за атмосферата на импресионизмот и за некои облици на графичкото творештво на Далечниот Исток. Во цртежите Пандилов ја има најдоследно искажано својата интимна, емоционална суштина и трајните ликовни поттици и афинитети од кои е условена.

Според **Димо Тодоровски** цртежот е дел од процесот на неговото скулпторско творештво. И во предвоените студии и во цртежите после тој период, секогаш кај Тодоровски движењето на линијата, распоредот на светло-темните партии се открива како претпоставка за идната пластична форма; се проучува или нагласува можноста за неа. Во обична белешка, кроки или во студија, Тодоровски со цртежот му укажува внимание на предметот на ликовното дело во целината на неговите надворешни и внатрешни компоненти. Цртежот на Тодоровски во портретите настојува да ја искаже со објективни реалистички средства психологијата на моделот, а во фигурата тежнее кон оформување пластичните особености на нејзината телесност. Постапката на уметникот тука осцилира меѓу поголема, студиска довршеност на цртежот, со нагласени ефекти на светло-сенката и една поголема шкртост на средствата, кога линијата се јавува како основен носител на уметниковото кажување.

Лазар Личеноски само попатно и како подготовка за своите слики го има одгледувано цртежот. Изложените творби ја запазуваат карактеристичната волуминозност и во исто време растворeност на формата кај Личеноски и некаква особена робусност и тежина.

Со најкратка индикација за цртачкиот опус на **Василије Поповиќ-Цицо** е одбележена неговата постојана преоку пација: преформирање, деформација, преобразба на контурите или внатрешните површини на еден човечки лик или фигура во настојување да се изрази лесна, психолошки негорчлива преобразба на мотивот во блага гротеска или карикатура: на која Поповиќ ѝ приопштува најчесто шегобијски карактер, одколку некакви сатирични или цинични тенденции. Вистински родоначелник на карикатурата во Македонија Поповиќ-Цицо, ја претвори неа во една перманентна хроника за настаните и личностите од нашиот јавен и политички живот, а и во одраз на актуелни историски моменти во светската политичка ситуација.

Општите естетски белези, општиот стилски развој на повоената македонска цртачка креација се неразделено поврзани со сè она што е карактеристичен белег и за токовите на нашето сликарство и скулптура. После период на исклучива фигуративна ориентација: тргнувајќи од академски, импресионистички, експресионистички и симболичен реализам, до надреалистичко-метафизички ликовни остварувања, настапи во почетокот на шеесеттите години една нова етапа во македонската современа уметност. Полека се јавија неколку варијанти на апстрактната и нонфигуративната уметност: лирска апстракција, енформел, апстрактен експресионизам и натурализам, сликарство на материја и тн. Потоа, во последните години, во нашиот ликовен амбиент се почувствува продорот на некои најактуелни тенденции во денешната ликовна уметност: новата фигурација, нови видови, нови димензии на надреализмот, асоцијативно — фантастична фигурација, неодадаистички и поп-артистички акценти и афинитети за постенформелните патишта на апстрактната уметност.

Цртежот уште во првите години после војната стана ликовна дисциплина низ која најлесно се остварувааа принципите на една нова ликовна естетика. Ликовниот медиум беше натрбен со одговорноста, што имаше сила на категоричен услов, да ја прикаже темата со прецизноста на визуелен симбол или информација и да ја апострофира, сумира и искаже идејата ,содржинската материја што темата ја носи во себе. Утилитарната погодност на цртежот, неговата неопходност во разновидни форми за широко, јавно визуелно информирање и делување, создаде и една внатрешна, чисто ликовна погодност за ваква ориентација. Во цртачките творби на македонските уметници од тој период НОБ и социјалистичката обнова и изградба на земјата, беа најчест мотив. Ваква тематика стана предмет и на повеќе тесно специфицирани ликовни манифестации и објект

на критичко-општествено вреднување. На оваа изложба творештвото од овој карактер е претставено со неколку примероци, во кои е настојувано да се запази пред сè критериумот за превасходно ликовниот интерес на секој изложен експонат.

Цртежот во повоениот период често е третиран како посебно, самостојно, во себе заокружено ликовно остварување; но и како услов, подготовка, студии за некое друго ликовно дело или како применета ликовна дисциплина: во илустрацијата, плакатот, картони за ѕидни декорации, анимиран филм, сценографија и тн. Освен последниот вид окупираност со цртежот, на оваа изложба се прикажани во карактеристични изводи сите овие форми на неговото одгледување во Македонија.

Иако според формалните ознаки (завршени студии пред војната) **Димче Коцо** ѝ припаѓа на предвоената генерација, огромниот дел на неговото скулпторско, сликарско и цртачко творештво е создадено после 1944. Цртачките творби на овој уметник, како основна особеност, ја содржат својата изолираност, оригиналност и поливалентност на решенијата внатре во целината на македонскиот цртеж. Во цртежите на Коцо се открива нишката што ги поврзува со нешто традиционално и ориентално, со нешто што содржи особена експресивност, грациозност и тешка арабескност на линијата. Во овие цртежи е спроведена проучена декоративно-стилизирана деформација на формите; со неа се воспоставува и намерна невообичаеност, архаичност или „наивитет“ во односите меѓу составките на композицијата во цртежот. Сето тоа, од друга страна, е вклучено во широка лепеза психолошки состојби: од лирско-поетски, до драматично-трагични мисловно — емоционални содржини. Цртежот кај Коцо најчесто се задоволува од оголена линија или од повремено алтернирање на цртачкиот потег со одделни затемнети, засенчени плохи. Таа линија е понекогаш аглеста, експресивна, остра, понекогаш волуминозна и мекано заоблена, обликувајќи масивни, робусни маси.

Борко Лазески, наспоредно со противречно компониран сликарски опус, цртежот го одгледува во една посебна насока. Таа почнува со непретенциозните цртачки белешки од крајот на последната војна, од тој посебен вид ликовна „депеша“, хроничарска белешка, во кои се фиксирани партизани, нивниот живот. Потоа, Лазески и во цртежот ја достигна или поточно: прво во него ја разработи, ја достигна пред 10 години онаа синтеза меѓу еден поопшто разбран експресионизам на формата и на колоритот и кубистичко синтетизирање на ликовниот медиум; меѓу инспирации од монументалното сликарство на нашиот Среден век и мексиканските муралисти. Со овој цртачки речник се изработени скиците, студиите, и, да ги наречам така, картоните за ѕидната слика на Лазески посветена на НОБ во Македонија (некогаш во Скопската железничка станица, сега е скоро потполно уништена од земјотресот).

Последната фаза во цртачката креација на прерано-починатиот македонски уметник **Ристо Лозаноски,** нема никаква органска кореспонденција со неговото сликарство.

Наспроти своите апстрактни, нонфигуративни слики, цртежите на Лозаноски на оваа изложба му припаѓаат на едно реалистичко изразување; тоа настојува во линијата што се движи по контурите на човечката фигура и во психолошката скоро натуралистичка анализа на човечкиот лик, да внесе експресивна, драматично обележена емоција. Цртачкиот потег на Лозаноски, своите основни вредности ги содржи во вешта и сигурна манипулација со линијата и креирање изразито сликарска пластичност на формите.

Петар Хаџи Бошков го третира цртежот како цртачка алтернатива на својот скулпторски израз и како самостојна ликовна оформеност на својата замисла. Во цртежот на овој уметник се раѓа, созрева, разработува пластичната идеја; таа често може да биде непосредно преземена или се претставува само како една прегнантна, општо емоционално-пластична ситуација и поттик. Цртачкиот опус на Хаџи Бошков, е особено обемен за нашите прилики, а ги кумулира во себе и сите стилски варијации на неговата скулптура. Прикажани се цртежи што во основата се сведени на широки, темни и бели површини; линијата се губи во широк потег, со кој се раѓаат масивни, заоблени маси. Во нив формите на човечкото тело, на предметите од стварноста, ја губат својата прагматично-натуралистичка физиономија; па иако се овие цртежи „читливи", во нив е спроведена уметнички убедлива и умешна деформација на човечкото тело: кај Хаџи Бошков тоа добива облици што имаат нешто од масивноста и материјалноста на стените и создава впечаток за некакво дијалектичко единство меѓу траењето на живата и на мртвата природа.

Јордан Грабулоски, е застапен со цртежи во кои создава своевидни декоративни, стилизирани целини. Нивниот извор, нивната прва појдовна точка, се чини дека се наоѓа некаде во некакви флореални и органски форми. Од друга страна, црната разбиена површина на неговите цртежи се проецира врз светлиот фон во вид на некаков знак или амблем.

Цртежите на **Драгутин Аврамовски** — Гуте се потполно ускладени со неговата последна графичка и сликарска продукција. Во нив е обликувана — и понекогаш со сродни колористички и графички медиуми, истата тешка, сложена ликовна атмосфера, некаква проекција на уметниковиот внатрешен живот. Таа се изразува во напрегната, вознемирена, нервозна цртачка структура, во композиција каде се сменуваат степенувани плохи на една боена вредност, со експресивни, динамични продори на линијата: таа е опфатена во преплети, во грстови на линии, или во вид на осамена арабеска што продира во просторот. Ликовноста на овие цртежи ѝ припаѓа комплектно на нонфигурацијата; и поттиците тука се движат на широки релации, што не го исклучуваат искуството на Сулаж, Хартунг, Волс итн.

За **Ристо Калчевски** цртежот е функција на истите ликовни медиуми со кои се создадени неговите слики од периодот пред пет-шест години. Во тој цртеж што се проецира врз една колористички унифицирана основа, има нешто манирично, декоративно; некаква пренагласена ориен-

тација за суптилни колористички и графички односи во композицијата.

За **Иван Велков** најновите цртежи значат своевидна студија за неговите нонфигуративни, енформелистички и симболички обележени слики. Како и во нив, применувајќи мешана техника, Велков создава колористички затемнета топла и заситена основна атмосфера во која, по пат на отисоци или со линеарен цртеж, се вклучени декоративно-симболични форми. Во цртежите е постигнат еден рафинман што е забележан и во сликите.

Кај неколку припадници на најмладата наша ликовна генерација, кои покрај сликарство и скулптура го практикуваат и цртежот, се открива во структурата на нивната мисловна, емоционална и уметничка комуникација со националното подрачје: со земјата, со нејзината историја, со нејзината пластична традиција итн. една необична сроденост, скоро атавистичка поврзаност.

Александар Ристески и во цртежот ја запазува специфичноста на своето сликарство: особен вид барокна експресија на колоритот и на формата, што стилски му припаѓа на она што во модерната терминологија е означувано како апстрактен експресионизам, или апстрактен натурализам. Откривајќи во него поголема грижа за рафинирани односи меѓу обоените плохи и животот на цртачкиот потег, Ристески и во цртежот ја запазува отвореноста на својата личност за асимилирање пиктурално-структурални ефекти од материјалноста на нештата од стварноста; настојувањето да ѝ се најде ликовен, естетски пандан во она што е нејзина битна ликовност или графичност. Унифицирани или благо градирани плохи на земјен, кафеаво обоен фон служат како екран за спирални, снопјести или други агломерации на линиите во цртежите на овој уметник. Во сето ова е присутно чувствувањето на некакви неопределени состојби на материјата, асоцирање на необични пејсажи и здивот на нашето поднебје.

Блиска му е во овие настојувања **Елена Ристеска;** само што нејзиниот цртеж — колаж поочигледно, во црно-бели плохи и потези, ја открива својата инспирација од некакви неодредени пејсажни опстановки, искажани со еден редуциран и синтетизиран јазик на цртачкиот потег.

Родољуб Анастасов ги обликува своите цртежи со сложена техника. Со неа се раѓаат алтернациите на плохи или на партии различно обоени површини, со графички, цртачки елемент. Обоеноста во цртежите е онаа истата од сликите на уметникот: стемнета, топла, тешка, ноктурна, сновиделичка. Во неа доминираат темно црвени, темно земјени, сини и маслинести бои. Анастасов така и во цртежите ги создава необичните амбиенти, асоцијациите на невообичаени, фантастични пејсажи; понекогаш навестувајќи афинитети за некакви романтични состојби на духот и надреалистички импулси. Цртачкиот, чисто линеарниот елемент, се вметнува во обоените партии како треперење на нешто органско, морбидно, кое не го задушува чувството за ликовен рафинман на уметникот.

Изложените цртежи на **Момчило Петровски,** битно се разликуваат од неговите слики. Додека во маслата спроведува синтетична, поточно нонфигуративна постапка, неговите цртежи естетско-стилски ѝ припаѓаат на своевидна симболички, надреалистички асоцијативно настроена фигурација. Врз основи, чија подготовка често им приоштува изглед на стари пергаменти, се одвива сложениот, вознемирен цртачки потег на овој уметник. Неговата линија е немирна, испресечена, ги нагласува без да ги довршува деталите, се испреплетува со затемнети, засенчени плохи. Тематско-содржински цртежите на Петровски се блиски до симболично-метафорични визии, често инспирирани од националната историја.

Во цртачкиот опус на **Глигор Чемерски** ја среќаваме карактеристичната поента на неговиот уметнички израз: мисловна, емоционално повишена, филозофски и поетски обоена комуникација со родното поднебје; судрување на претстави, асоцијации, митски, легендарни и сентиментални спомени за „некогашното", со активна свртеност кон сегашното, кон неговата сложеност, кон неговата наметлива присутност. И во цртежот ја среќаваме таа необична фигуративност родена во сликите на Чемерски: вознемирена, драматична, експресионистички и барокно деформирана и полна со особена пантеистичка нотка; таа го изедначува по важност органското и неорганско траење — постоење на материјата. Само што во неговите колористички звучни, топли гвашеви, уште повеќе е спроведена редукцијата на детаљи, линијата е пооголена, нервозно динамизирана; а елементите на чудесното, фантастичното, морбидното и тегобното, уште повеќе се наметнуваат врз понагласената колористичка „стерилизација" на основата, врз која се одвива цртежот.

Симон Шемов е ликовен сродник на Чемерски. Само што таа блискост значи припаѓање на заеднички историско-естетски миг и поседување сродни афинитети и можности за нивното уметничко предавање. Цртежот на Шемов се развиваше низ етапи на поголема фигуративна читливост, лиричност, суптилност, дури сентименталност. Сега добива нова, повозбудлива димензија. Искажан низ широка, светла, еуфорична колористичка гама, неговиот цртеж е вознемирен, сиот искажан во необични спирални, заоблени и испрекршени линии. Низ нив тлее чудна органска присутност и вознемиреност, испреплетена со калиграфската рафинираност на цртачкиот потег и извесна симболика, што на овие цртежи им соопштува некаква општа композиска амбивалентност и актуелност.

Цртежите на **Илинка Глигорова** се структурално, колористички, со општата своја колористичко-графичка организација, сраснати и тешко одделиви од сликите на уметницата. Понагласената еуфоричност кај Чемерски и Шемов, Глигорова ја задржува, обвиткува во некаква таговна психолошка, мисловна и емоционална атмосфера. Вознемирени преплети на форми од фауната и флората, се распрснуваат во експлозии на боја и линии.

Стефан Маневски со своите цртежи создава сложени асоцијативно-симболични опстановки. Неговата често композитна техника, каде цртежот како обичен потег на перото или на четката алтернира со боени плохи или колажи на колористички исечоци (обично исполнети со форми од светот на техниката и механиката), е погоден инструмент за такви настојувања. Кореспонденцијата на цртежите со скулптурите на Маневски, во ликовно-пластична смисла, не се одвива толку во насока на директна заемна формативна, обликовна сличност. Меѓутоа, нив ги сврзува токму мисловно-емоционалната атмосфера која им е заедничка. Во цртежите, меѓу фини градации на колористички површини, во кои е втиснато чувството на одминување, на патина, на преплетување на органското со механичкото, се раѓа необична симболика на форми: чудна асоцијативност на некакви тотемско-сакрални објекти и, од друга страна, на „технички", „машинизирани" форми. Со ова цртежите на Маневски мошне се доближуваат до атмосферата на актуелните ликовни движења во светот: врзувајќи едно медитеранско чувствување на традицијата со искуствата, на неодадаизмот, новата фигурација и поп-артот.

Драган Поповски — Дада своите цртежи ги обликува во ликовна хармонија со еден вид, на својот скулпторски развиток. Во него уметникот тргнува во истражување на скриената симболика, сакралност, „задпојавното" значење на формите среќавани во пластичниот израз на некои примитивни народи; чии култни обичаи го создадоа тотемот како носител на таинствени сили и значења. На овие угледувања Поповски — Дада им ја приопштува доста сродната, според своите надворешни формални белези, обликовност на предметите од нашиот домашен, национален рурален амбиент. Осмозата меѓу овие поттици се обавува во вид на стилизација, со која цртежите на Поповски — Дада добиваат изгледи на декоративно-симболично-сакрални предмети.

Борис Николовски, Ана Темкова и Душан Перчинков стојат малу или повеќе изолирано од општата ориентација во цртежот на најмладата наша ликовна генерација на која и припаѓаат.

Борис Николовски е прикажан со цртежи во кои се обавува една скоро технички студена и чиста студија на односи на геометризирани маси. Нивната пластичност е постигната со мошне рационални средства на линијата, сенката, на односите на светло-темното.

За **Темкова** и цртежот е модус да се искаже поетско-лирско и топло соживување со светот на природата и со човекот, особено со ликот на човекот. Изложените цртежи откриваат две тенденции. Едната, потесно поврзана со сликарството на Темкова, искажана е со сродна колористичка заситеност, со сродна топлина и интимност на боените вредности, со истата мека раствореност на површините и на формите; со истото чувство на нешто здржано, меланхолично и тегобно во интимните енториери. Другата, сведувајќи се на суптилна, елегантна, понекогаш разбиена и ис-

прекршена, но главно мека и заоблена линија, ѝ служи на Темкова за обликување на портрети.

За **Душан Перчинков** цртежот е лабораторија во која се истражува и во која се подготвуваат можностите, основите на неговите слики. Оттука и најмалиот цртеж на Перчинков е докрајчена, рафинирана, со рационалност одликувана студија. Светот на Перчинков е светот на нашата сегашност, на една урбана и техницизирана средина. Необичните скоро геометриски прецизни ракурси, би рекол филмски „кадрирања" на мотивите; нивната транспозиција од планот на секојдневната егзистенција во планот на уметниковата имагинација — каде се обавува сложена линеарна анализа и трансформација, создава од тие секојдневни податоци необична, имагинарна, често надреалистичка обоена опстановка.

Цртежите на **Вангел Наумовски** се еден посебен момент во нашето современо ликовно творештво. Произлезени се од имагинативност што се храни со чудесните визии на стари легенди, со визии на необични астрални и подводни амбиенти; опстановки во кои обичната флора, женското и машкото суштество, природните елементи се преплетуваат во фантастични, сензуални цртачки фино, суптилно градирани целини.

Борис Петковски

УЧЕСНИЦИ:

АВРАМОВСКИ ПАНДИЛОВ Димитар

АВРАМОВСКИ Драгутин — Гуте

АНАСТАСОВ Родољуб

ВЕЛКОВ Иван

ГЛИГОРОВА Илинка

ГРАБУЛОСКИ Јордан

КАЛЧЕВСКИ Ристо

КОЦО Димче

ЛАЗЕСКИ Борко

ЛИЧЕНОСКИ Лазар

ЛОЗАНОСКИ Ристо

МАНЕВСКИ Стефан

МАРТИНОСКИ Никола

НАУМОВСКИ Вангел

НИКОЛОВСКИ Борис

ПЕРЧИНКОВ Душан

ПЕТРОВСКИ Момчило — Моцо

ПОПОВИЌ Василије — Цицо

ПОПОВСКИ Драган — Дада

РИСТЕСКИ Александар

РИСТЕСКА Елена

СТАНКОВИЌ Верољуб

ТЕМКОВА Ана

ТОДОРОВСКИ Димо

ХАЦИ БОШКОВ Петар

ЧЕМЕРСКИ Глигор

ШЕМОВ Симон

АВРАМОВСКИ ПАНДИЛОВ ДИМИТАР

Роден во село Тресонче 1898. Трагично загина во Скопје 1963.

Уметничка академија завршил во Софија 1924. Студиски боравок во Франција, каде работел во сликарската академија Гранд Шомиер.

Самостојни изложби: 1927 Ќуприја, Скопје ,Монпеље (Франција); 1928 Париз; 1930, 1934, 1937 Софија; 1956 Скопје, јубилејна изложба по повод 30 години од сликарска дејност; 1962 Скопје; 1966 Скопје; комеморативна изложба.

Групни изложби: како еден од првите членови на ДЛУМ активно учествувал на сите изложби во земјата и странство од 1945 до 1963 ; на изложбата Македонски пејсаж 1960 во Скопје, на изложбата Македонски портрет XIX и XX век 1962 во Скопје, на изложбата Современа македонска уметност меѓу двете војни 1967 во Скопје.

AVRAMOVSKI PANDILOV DIMITAR

Né 1898 à Tresonče. Tragiquement mort 1963 à Skopje.
En 1942 il a termine ses études à l'Académie des Beaux-Arts de Sofia. Voyage d'étude en France. Il y a travaillé à l'Académie Grande Chaumière.

Expositions individuel les: 1927 Ćuprija, Skopje, Montepelier (France); 1928 Paris; 1930, 1934, 1937 Sofija; 1956 Skopje — exposition jubilarie à l'occasion de 30 ans de son activité artistique; 1962 Skopje; 1966 Skopje, exposition commemorative.
Expositions collectives: parmi les premiers membres de DLUM il a participé à toutes les expositions dans pays et à l'étranger de 1945 à 1963; à l'exposition „Paysage macédonien" 1960 à Skopje, à l'exposition „Portrait macédonien XIX^{e} et XX^{e} siècle" 1962 à Skopje, à l'exposition „L'art macèdonien contemporain entre les deux guerres" 1967 à Skopje.

1. АМАЛИ, туш, 27,5x32,5, 1952, сиг. д. лево. Сопственост на Музејот на совр. ум. Скопје.
   PORTEURS, encre de Chine, signé en bas à gauche
   Propriété du Musée d'Art Contemporain Skopje.
2. ЦРТЕЖ, туш, 23x30, 1952, сигн. д. лево
   DESSIN, encre de Chine, signé en bas à gauche
3. КОЊИ, туш, 24x31,5, 1952, сигн. д. десно
   CHEVAUX, encre de Chine, signé en bas à droite
4. ОДМОР, туш, 31,5x43, 1954, сигн. д. десно
   REPOS, encre de Chine, signé en bas à droite
5. ЖЕД, туш, 44x30, 1955 сигн. д. десно
   SOIF, encre de Chine, signé en bas à droite

АВРАМОВСКИ ДРАГУТИН — ГУТЕ

Роден во Куманово 1931. Академија за применета уметност завршил во Загреб. Студиски боравок во Париз 1959 и 1961. Самостојни изложби: 1955, Скопје, 1959 (со Менче Спировска) Скопје, 1966 Скопје.
Групни изложби: како член на ДЛУМ од 1955 изложувал повеќе пати слики и графики во земјата, II, IV, V и VI меѓународно биенале на графиката во Љубљана, II и III југословенско триенале на ликовните уметности во Белград, на изложбата Современи македонски уметници — актуелни тенденции во Скопје 1967, како и на повеќе изложби на современата југословенска графика во странство: Кина, Бурма, Индија, Франција, САД, Мексико, СССР, VII меѓународна изложба Bianco e nero во Лугано, на изложбата Современа македонска уметност во Рим и Торино 1965 и 1966.
Добитник е на Октомвриска награда за сликарство 1966.

DRAGUTIN AVRAMOVSKI — GUTE

Né 1931 à Kumanovo. Il a terminé ses études à l'Académie des Arts Appliqués de Zagreb. Voyage d'étude à Paris 1959 et 1961.
Expositions personnelles: 1955 Skopje, 1959 Skopje (avec M. Spiroska), 1966 Skopje. Expositions collectives: à partir de 1955 comme membre de DLUM il a exposé plusieurs fois des gravures et des peintures dans le pays; II^e, IV^e, V^e et VI^e Biennale Internationale de gravure à Ljubljana; II^e et III^e Triennale Yougoslave des Beaux Arts à Belgrade; à l'exposition Artistes macédoniens contemporains-tendances actuelle" 1967, Skopje. Il a participé avec ses gravures à plusieurs expositions de la gravure yougoslave: Chine, Birmanie, Inde, France, USA, Mexique, URSS; VII^e Exposition Internationale Bianco e nero à Lugano; exposition de l'art macédonien contemporain à Rome et à Turin 1965 et 1966.
1966 obtint le prix d'Octobre pour la peinture.
Adresse: Dragutin Avramovski — Gute, ul. 954 br. 4, naselba Vodno, Skopje.

6. ЦРТЕЖ I, машина техника, 51x27,5, 1967 сигн. д. десно.
   DESSIN I, technique mixte, signé en bas à droite.
7. ЦРТЕЖ II, мешана техника, 39,5x61, 1967, сигн. д. средина
   DESSIN II, technique mixte, signé en bas au milieu.
8. СТУДИЈА II, мешана техника, 65,5x42, 1966, сигн. д. десно.
   ÉTUDE II, technique mixte, signé en bas à droite.

АНАСТАСОВ РОДОЉУБ

Роден во Скопје 1935. Академија за ликовни уметности завршил во Белград. Студиски патувања: Грција, Италија. Самостојни изложби: 1966 Скопје; 1967 Нови Сад.
Групни изложби: од 1959 учествувал на повеќе изложби; „Петмина најмлади" 1960, Скопје; изложба на УЛУС 1963, Белград. есенска изложба на ДЛУМ 1966, Скопје; втора изложба „НОБ низ делата на ликовните уметници на Југославија" 1966, Белград; изложба „Современо македонско сликарство — млада генерација" 1967, Скопје; III југословенско триенале на ликовните уметности 1967, Белград; на изложбата „Современи македонски уметници — актуелни тенденции 1967, Скопје. Оваа година учествува на изложбите на југословенската уметност на Блиски Исток.
Добитник на прва награда за сликарство на сојузната изложба „Младо ликовно стваралаштво" 1959, Белград.

ANASTASOV RODOLJUB

Né 1935 à Skopje, Études à l'Académie des Beaux-Arts de Belgrade. Voyage d'étude: Grèce, Italie.
Expositions personnelles: 1966 — Skopje; 1967 — Novi Sad.
Expositions collectives: à partir de 1959 il à participé à plusieurs expositions: „Petmina najmladi" 1960, Skopje. exposition d'ULUS 1963, Belgrade; exposition d'automne de DLUM 1966, Skopje; II[e] exposition „NOB dans les oeuvres des artistes yougoslaves" 1966, Belgrade; „Peinture macédonienne contemporaine — jeune génération 1967, Skopje; III[e] Triennale Yougoslave des Beaux-Arts 1967, Belgrade; à l'exposition „Artistes macédoniens contemporains — tendances actuelles 1967, Skopje. Cette année il participe aux expositions de l'art yougoslave à l'Orient Proche. 1959 obtint le Ier prix de peinture à l'exposition fédérale „Mlado likovno stvaralaštvo" 1959, Belgrade.
Adresse: Rodoljub Anastasov, I-a zgrada, II vlez, 12 stan, Karpoš III, Skopje.

9. РАЃАЊЕ НА МАТЕРИЈАТА, туш, 23x39, 1962 сигн. д. лево

   FORMATION DE LA MATIÉRE, encre de Chine, signé en bas à gauche

10. НЕЖНИТЕ ВОДИ ОД ИСТОК, туш, 26x40, 1966, сигн. д. десно

    TENDRES EAUX DE L'EST, encre de Chine, signé en bas à droite

11. ОД ОГОН ВО СВЕТЛО, туш, 24x39, 1966, сигн. д. лево
    DU FEU Á LA LUMIÈRE, encre de Chine, signé en bas à gauche

12. ЗАЧЕТОК НА НЕЖНОСТА, туш во боја, 30,5x46, 1967, сигн. д. десно

    L'ORIGINE DE LA TENDRESSE- encre de Chine en couleurs, signé en bas à droite.

ВЕЛКОВ ИВАН

Роден во Врање 1930. Академија за ликовни уметности завршил во Белград. Студиски боравок во Франција и Италија.
Самостојни изложби: 1960 Врање; 1961 Скопје; 1962 Белград; 1962 Струмица; 1965 Скопје.
Групни изложби: од 1954 учествувал на бројни изложби во земјата: изложбите на ДЛУМ; со групата Мугри; повеќе изложби на југословенската графика; II биенале на младите во Ријека; III југословенско триенале на ликовните уметности во Белград 1967; на изложбата „Современи македонски уметници — актуелни тенденции" во Скопје 1967; како и во странство: 1957 Мексико Сити; Дижон 1962; Лондон — Брадфорд 1964; на изложбата „Современа македонска уметност" во Рим 1965; Торино 1966; Западен Берлин, Нирнберг и Штутгарт 1966; на изложбата на југословенската уметност во Либан, Ирак, Сирија, Либија 1967 и во Салонот на поезијата и сликарството во Струга 1967.
Добитник е на откупна награда на изложбата Охридски мотиви во Охрид 1961.

VELKOV IVAN

Né 1930 à Vranje. Études à l'Académie des Beaux-Arts de Belgrade. Voyage d'étude: France et Italie.
Expositions personnelles: 1960 Vranje; 1961 Skopje; 1962 Belgrade, Strumica; 1965 Skopje.
Expositions collectives: à partir de 1954 il a participé à plusieurs expositions dans le pays: les expositions de DLUM; avec le groupe Mugri, plusieurs expositions de la gravure yougoslavie; II[e] Biennale des jeunes à Rijeka; III[e] Triennale Yougoslave des Beaux-Arts à Belgrade 1967; à l'exposition „Artistes macédoniens contemporains — tendances actuelles" 1967 Skopje; et à l'étranger: 1967 Mexico City, Dijon 1962; Londres — Bratford 1964; à l'exposition de l'art macédonien contemporain à Rome 1965, Turin 1966; Berlin d'Ouest, Nuremberg et Stuttgart 1966:, à l'exposition de l'art yougoslave: Libye, Irak, Syrie — 1967; au Salon de la poésie et de la peinture à Struga 1967.
Obtint le prix d'achat à l'exposition „Les motifs d'Ohrid" 1961.
Adresse: Velkov Ivan, ul. 953 br. 22, Skopje.

13. ЦРТЕЖ I, комбинирана техника, 99x70, 1967, сигн. д. десно
DESSIN I, technique combinée, signé en bas à droite.
14. ЦРТЕЖ II, комбинирана техника, 99x70, 1967, сигн. д. десно
DESSIN II, technique combinée, signé en bas à droite

ГЛИГОРОВА ИЛИНКА

Родена во Кавадарци 1936. Дипломирала на Академијата за ликовни уметности во Белград во класата на проф. Недељко Гвозденовиќ. Студиски патувања во Париз, Унгарија и СССР.
Групни изложби: во Домот на синдикатите во Белград; графичка изложба во Загреб 1963; на изложбата „12 македонски уметници" во Скопје 1965, на групна изложба во Битола 1966; на изложбата „Современо македонско сликарство — млада генерација" во Скопје и Нови Сад 1967, како и на изложбите на ДЛУМ 1964, 1965, 1966.

GLIGOROVA ILINKA

Nèe à Kavadarci en 1936. Obtint son diplôme à l'Académie des Beaux-Arts de Belgrade. Voyage d'étude: Paris, Hongroise, URSS.
Elle à participé à plusieurs expositions collectives: dans le Foyer des Syndicats à Belgrade; exposition de gravure à Zagreb 1963; à l'exposition „12 artistes macédoniens" à Skopje 1965; à l'exposition groupe à Bitola 1966; a l'exposition, Penture macédonienne contemporaine — jeune génération" à Skopje et Novi Sad 1967 et comme membre de DLUM elle a expose 1964, 1965, 1966.
Adresse: Gligorova Ilinka, ul. Partizanska br. 80, Skopje

15. ПЛАДНЕВЕН ВИТЕЛ I, гваш-туш, 84x59, 1967, сигн. на позадината
TOURBILLON DU MIDI I, gouache-encre de Chine, signé à la renverse

16. ПЛАДНЕВЕН ВИТЕЛ II, гваш-туш, 49,5x41,5, 1967 сигн. на позадината
TOURBILLON DU MIDI II, gouache-encre de Chine, signé à la renverse

17. ПЛАДНЕВЕН ВИТЕЛ III, гваш-туш, 49,5x41,5, 1967 сигн. на позадината
TOURBILLON DU MIDI III, gouache-encre de Chine, signé à la renverse

ГРАБУЛОСКИ ЈОРДАН

Роден во Прилеп 1925. Академија за ликовни уметности завршил во Белград. Студиски боравок во Италија, Франција, Грција, Турција, Египет и Сирија.
Самостојни изложби: изложба на скулптури во простор, Охрид 1961, Скопје 1966.
Групни изложби: од 1952 учествувал на изложбите на ДЛУМ во земјата. Извел повеќе јавни споменици. Добитник е на првите награди за споменици во Крушево на Никола Карев 1953, крај село Белчиште 1958, во Прилеп 1958, архитектонско-скулптурални споменик крај село Ваташа 1961, споменик на Богомилскиот поход на патот Титов Велес—Прилеп 1964, релјеф на спомен-костурницата во Кичево 1964, релјеф на партизанските пробишта во Бутел, Скопје 1965, споменик на слободата во Гевгелија 1967.

GRABULOSKI JORDAN

Né 1925 à Prilep. Il a fait ses études à l'Académie des Beaux-Arts de Belgrade. Voyage d'étude: Italie, France, Grèce, Turquie, Egypte et Syrie.
Expositions individuelles: exposition des sculptures en plain air à Ohrid 1961; Skopje 1966.
Expositions collectives: à partir de 1952 il a participé aux expositions de DLUM dans le pays. Il a fait aussi grand nombre de monuments publiques.
Il a obtenu les premiers prix: à Kruševo pour le monument de Nikola Karev 1953; le monument aux environs du village Belčište 1958; à Prilep 1958; le monument sculpto-architectonique près du village Vataša 1961; le monument pour la Campagne de Bogomila sur la route Titov Veles — Prilep 1964; relief pour l'Ossuaire-monument à Kičevo 1964 ainsi que pour le relief sur le cimetière des résistents — Butel à Skopje 1965, monument à la liberté, Gevgelija 1967.
Adresse: Grabuloski Jordan, ul. 229, br. 15, Skopje.

18. ВЕЧЕР, темпера 39x53, 1966, сигн. д. десно
LE SOIR, dét rempe, signé en bas à droite.

19. УТРО, темпера 38x48, 1966, синг. д. десно.
LE MATIN, détrempe, signé en bas à droite.

КАЛЧЕВСКИ РИСТО

Роден во Прилеп, 1933. Академија за ликовни уметности завршил во Љубљана 1957.
Самостојни изложби: 1961 (со Драгутин Аврамовски) Скопје; 1965 (со Томо Шијаковиќ) Скопје.
Групни изложби: како член на ДЛУМ и групата „Мугри" учествувал на повеќе изложби во земјата: Скопје, Прилеп, Струмица, Нови Сад, Белград, Словењ Градец, на Биеналето на младите во Ријека 1962 и III југословенско триенале на ликовните уметности во Белград 1967, на изложбите во странство: „Уметноста во Македонија, денес" во Рим, 1965; „Современа македонска уметност" во Торино, 1966; изложбата „Шест југословенски уметници" во Нирнберг, Штутгард и Западен Берлин 1966.
Добитник е на откупна награда од Фондот Моша Пијаде на Биеналето на младите во Ријека 1962.

KALČEVSKI RISTO

Né 1933 à Prilep. Il a terminé ses études 1957 à l'Académie des Beaux-Arts à Ljubljana. Expositions individuelles: 1961 (avec Dragutin Avramovski) Skopje, 1965 (avec Tomo Šijaković Skopje.) Expositions sollectives: comme membre du groupe „Mugri" et de DLUM, il a participé à plusieurs expositions dans le pays: Skopje, Prilep, Strumica, Novi Sad, Belgrad, Slovenj Gradec, Biennale des jeunes à Rijeka 1962, III Triennale yougoslave des Beaux — Arts à Belgrade 1967, ainsi qu'aux expositions dans l'étranger: à l'exposition „L'art en Macédoine, aujourd'hui", Rome 1965, „L'Art contemporain macédoinen", Turin, 1966, exposition „6 artistes yougoslaves", Nuremberg, Stuttgart, Berlin d'Oeust 1966.
Il a reçu le prix d'achat de la Fondation „Moša Pijade" à la Biennale de jeunes à Rijeka 1962.
Adresse: Risto Kalčevski, ul. 679 br. 20, naselba Pržino, Skopje

20. ЦРТЕЖ, комбинирана техника, 94,5x64,5 1963, сигн. д. десно.

DESSIN, technique combinée, signé en bas à droite.

КОЦО ДИМЧЕ

Роден во Охрид 1910. Студирал на Филозофскиот факултет на групата историја на уметноста во Белград. Дипломирал 1936. Сега е професор по историја на уметноста на Филозофскиот факултет во Скопје.
Самостојни изложби; 1957, 1959 Скопје.
Групни изложби: учествувал на изложбите на ДЛУМ со цртежи, скулптури, масла и таписерии, 1962 со група ликовни уметници од Македонија учествувал на изложбата „Современа македонска уметност" во Дижон.

KOCO DIMČE

Né 1910 à Ohrid. Il a fait ses études à la Faculté des lettres à Belgrade, groupe l'histoire de l'art. En 1936 il a terminé ses études. Actuellement il est professeur de l'histoire de l'art à la Faculté des Lettres à Skopje.
Expositions individuelles: 1957, 1959 Skopje.
Expositions collectives: il a participé aux expositions de DLUM avec ses dessins, huiles et tapisseries; 1962 il a pris part avec un gorupe des artistes de la Macédoine à l'exposition „L'art contemporain macédonien" à Dijon.
Adresse: Koco Dimče, ul. 11 oktomvri br. 64, Skopje. i

21. ЦРТЕЖ I, молив, 29,5x21, 1955, сигн. на позадината
